Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-509/2
Датум: 09-10-2023

Постапувајќи по претставка бр. 08–509/1 од 11.09.2023 година, поднесена од [redacted] со адреса на живеење [redacted], за сторена дискриминација врз основа на пол, род, религија или верско уверување и други видови уверувње во областа на јавното информирање и медиумите, од страна на [redacted] – Скопје, со седиште на [redacted] во Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–509/1 од 11.09.2023 година, поднесена од [redacted] против [redacted] **заради ненадлежност.**

## Образложение

На 11.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] со адреса на живеење [redacted] против [redacted] – Скопје.

Во претставката се наведува дека на 08.03.2023 година активистка и вработена во [redacted] – маршрала со транспарент на кој со големи букви било напишано - "Црквата да одјебе". Според подносителот со содржината на овој транспарент се поттикнала верска омраза и насилство врз огромна група граѓани со христијанска вероисповед, дискриминација и вознемирување врз основа на религија и верско уверување, повреда на личен и општествен статус, социјален и општествен углед, чест и интегритет. За подносителот транспарентот е силно навредлив, понижувачки, вознемирувачки и исмејувачки кон верниците и го повредува достоинството на христијаните.

Во претставката се истакнува дека [redacted] како дел од организаторите на тој настан не го осудил овој транспарент, ниту се оградил од пораката, ниту од тогаш вработената [redacted] која го носела транспарентот.

По разгледувањето на претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатираше дека адресираниот проблем не спаѓа во законските


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

надлежности предвидени во член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Ова од причина што содржината наведена во претставката се однесува на навреда, па следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација му укажува на подносителот на можноста да побара судска заштита за граѓанска одговорност за штета нанесена на честа и угледот со навреда и клевета, согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Дополнително, во однос на перцепцијата дека со транспарентот се поттикнува омраза, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација му укажува на подносителот за можноста за поднесување на кривична пријава пред надлежен обвинител за кривично дело „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, верска и друга дискриминаторска основа“ од член 319 од Кривичниот законик.

Врз основа на изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок и ја отфрли претставката заради ненадлежност.

Скопје
06.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД